Врз основа на член 135 став 1 алинеа 3 од Деловникот за работа на Советот на Општина Ѓорче Петров („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр.12/06), член 7 став 1 од Правилникот за начинот, условите и постапката за доделување на Годишна награда и одбележување на други празници („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр. 6/06), член 4 од Одлуката за измени и дополнување на Правилникот за начинот, условите и постапката за доделување на Годишна награда и одбележување на други празници („Службен гласник на Општина Ѓорче Петров“ бр. 7/12), комисијата за култура, спорт, млади, признанија и награди на советот на Општина Ѓорче Петров, распишува

**К О Н К У Р С**
**за доделување на Годишна награда „Ѓорче Петров“ во 2026 година**

1. Наградата „Ѓорче Петров“ на Општина Ѓорче Петров во 2026 година се доделува на физички и правни лица од Општина Ѓорче Петров, како знак на општествено признание за особени остварувања во стопанството, науката, уметноста, културата, спортот, воспитанието и образованието, заштитата и унапредувањето на животната средина и природата, како и во други области на трудот и творештвото од значење за развојот на Општината и нејзината афирмација во земјата и во светот.
2. На ученици и студенти наградата се доделува за творечки труд или континуирани успешни резултати во наставните и воннаставните активности.
3. Наградата се доделува за остварување во изминатиот период од 1 (една) година до објавувањето на конкурсот, како и за подолг изминат период на работно и творечко ангажирање.
4. За поединци, група творци, ученици и студенти наградата се состои од признание, плакета и паричен износ.
5. Наградата за правни лица се состои од признание и плакета.
6. Право на предлагање кандидати за награда имаат правни и физички лица со седиште, односно живеалиште на подрачјето на Општина Ѓорче Петров.
7. Предлогот за награда треба да биде детално образложен, а за кандидатите поединци да содржи и биографија.
8. Кон предлогот за доделување на награда за печатени дела се приложуваат и два (2) примерока од делото.
9. Конкурсот трае 20 дена од објавувањето, заклучно со 10.09.2026 година.

Предлагачот да ги наведе својот полн назив, адреса и телефон.
Предлозите се поднесуваат во два примероци до Комисијата за награди и признанија на Советот на Општина Ѓорче Петров, ул.„Ѓорче Петров“ бр.22 - Скопје.

**Број 02-1390/2**
**од 20.08.2026 година**
**Скопје**

**од Комисијата за култура, спорт, млади**
**признанија и награди**
**на Општина Ѓорче Петров**